**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ПРВ КВАРТАЛ, 2016 ГОДИНА

август, 2016 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1;2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на условите за одобрување на сите видови корпоративни кредити, меѓутоа со послаб интензитет во споредба со анкетата од крајот на претходната година.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на корпоративните кредити, но со послаб интензитет.

- Очекувања за вториот квартал на 2016 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови, со сличен интензитет како и во претходната анкета и зголемување на побарувачката на корпоративните кредити на нето-основа, исто така со сличен интензитет како и во претходната анкета.

### Кредити на населението

- Кредитна политика: нето-заострување на кредитните услови за кредити на население коешто се должи главно на заострувањето на кредитните услови кај потрошувачките кредити. Кредитните услови кај станбените кредити остануваат олеснети на нето-основа, но со послаба динамика, додека кредитните услови кај останатите видови кредити остануваат непроменети.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на кредитите на населението, главно детерминирано од потрошувачките кредити.

- Очекувања за вториот квартал на 2016 година: се очекува вкупните кредитни услови на нето-основа да останат непроменети за сите видови кредити, при натамошно послабо нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: нето-олеснување на вкупните кредитни услови за одобрување корпоративни кредити, со слична динамика како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно умерено нето-зголемување на вкупната побарувачката на корпоративни кредити коешто се должи на долгорочните

---

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.

[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најдат на следнава врска: Временска серија по групи банки.

кредити, додека побарувачката на кредити за малите и средните претпријатија, големите претпријатија и краткорочните кредити бележи намалување.

– Очекувања за вториот квартал на 2016 година: се очекува нето-олеснување на кредитните услови со зголемен интензитет кај краткорочните кредити и намален интензитет кај долгорочните кредити. Средните банки очекуваат повисоко нето-зголемување на побарувачката на корпоративни кредити во споредба со претходната анкета.

### Кредити на населението

– Кредитна политика: нето-олеснување на вкупните кредитни услови, со малку послаба динамика споредено со претходната анкета.

– Кредитна побарувачка: понатамошно нето-зголемување на вкупната побарувачка на кредити, со незначителен послаб интензитет во споредба со податоците од претходната анкета.

– Очекувања за вториот квартал на 2016 година: натамошно незначително нето-олеснување на вкупните кредитни услови во споредба со очекувањата од претходната анкета, при очекувања за натамошно послабо нето-зголемување на побарувачката на кредити.

## *Мали банки*

### Кредити на претпријатијата

– Кредитна политика: непроменетост на вкупните кредитни услови за одобрување корпоративни кредити, со исклучок на олеснувањето кај кредитите за малите и средните претпријатија.

– Кредитна побарувачка: намалување на вкупната побарувачка на корпоративни кредити, наспроти оценките за непроменетост на побарувачката во претходната анкета.

– Очекувања за вториот квартал на 2016 година: нето-заострување на кредитните услови на сите типови корпоративни кредити, при послабо зголемување на побарувачката на кредити на нето-основа.

### Кредити на населението

– Кредитна политика: условите за кредитирање на малите банки бележат нето-олеснување, со нешто посилен интензитет во споредба со податоците од претходниот квартал.

– Кредитна побарувачка: натамошно зголемување на вкупната побарувачката на кредити, но со послаб интензитет на нето-основа, за разлика од анкетата во претходниот квартал.

- Очекувања за вториот квартал на 2016 година: натамошно олеснување на вкупните кредитни услови, но со послаба динамика, и послабо нето-зголемување на побарувачката во споредба со претходната анкета.